РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-6993/25

25-12-2023 .2023 год.

Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016, 11/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

## ОДЛУКА

**за избор на кандидатот по интерен оглас бр.1/2023 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање**

Кандидатот **Лидија Аритонова Симоновска** по пат на интерен оглас број 1/2023 објавен на **13.12.2022** година се избира на работно место **УПР 01 01 Б03 000 - Помошник раководител на Сектор за спроведување на ИПА, Сектор за спроведување на ИПА -2 (два) извршители;**

1. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 1/2023 со архивски бр.04-6993/20 од 22.12.2023 година.

2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на одлуката.

3. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски наш број 04-5118/17 од 06.12.2023 година Министерот за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-6993/1 од 12.12.2023 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 1/2023 за унапредување на 13 (тринаесет)

административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање објавен на ден 13.12.2022 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, формирана е комисија од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-6993/18 од 18.12.2023 година, која изврши административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 1/2023 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-6993/19 од 22.12.2023 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-6993/20 од 22.12.2023 година, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2023 со архивски бр. 04-6993/20 од 22.12.2023 година.

Врз оснона на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

Државен секретар/Sekretar shtetëror

Nebi Rexhepi

*ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*